Бр/Nr. ____________
Скопје/Shkup_____________година/viti

# БАРАЊА И ОДГОВОРИ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР за 2024 ГОДИНА

**Барање 1:** Договор за заем склучен меѓу ЈП за државни патишта и Експортимпорт банка на Кина за „Проект за изградба на автопат – делница Миладиновци-Штип"; 2. Договор за заем склучен меѓу ЈП за државни патишта и Експорт-импорт банка на Кина за „Проект за изградба на автопат – делница КичевоОхрид", 3. Договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на Автопат – делница Кичево-Охрид, склучен меѓу Експорт импорт банката на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта за Проект за изградба на Автопат – делница Кичево-Охрид;

**Одговор:** Собранието на Република Северна Македонија на седниците одржани на 24 и на 25 октомври 2013 година и на седница одржана на 21 ноември 2019 година ги донесе Законите врз основа на кои се склучени договорите, а кои се јавно објавени во Службен весник, бр.149/13 и во Службен весник, бр.244/19, и кои се јавно достапни. Проектите за изградба на автопатите Штип-Миладиновци и Кичево-Охрид, се финансираат со заеми од Експорт импорт банката од Кина за што се склучени Договори за заем и Гарантно писмо и целокупната постапка е извршена во согласност со процедурите што ги налага банката, а кои потоа се одобрени од нив и од Владата на РСМ. Согласно со член 8, точка 8.4 и точка 8.7 од Договорот за заем трети лица не смеат да имаат пристап до Договорите за заем.

**Барање 2:** Допис до Инвеститорот со број XXXXXX од 20.12.2023 година со наслов „Рок за завршување на работите согласно Анекс број 5 и можни сценарија за продолжување на рокот за изградба и еднострано раскинување на договорот од страна на инвеститорот", и Допис бр. XXXXXX од 06.11.2023 со наслов "Ревидирана програма за работа во која ревидираниот краен рок за завршување на работите на проектот Кичево-Охрид е предложен 31.08.2026г."

**Одговор:** ПРИЛОГ 1:„Рок за завршување на работите согласно Анекс број 5 и можни сценарија за продолжување на рокот за изградба и еднострано раскинување на договорот од страна на инвеститорот"-Допис до Инвеститорот со број XXXXX од 20.12.2023 година, и

ПРИЛОГ 2:„Ревидирана програма за работа во која ревидираниот краен рок за завршување на работите на проектот Кичево-Охрид е предложен 31.08.2026г."- Допис бр. XXXXX од 06.11.2023.

**Барање 3: Ин**формација во која фаза или во каков стадиум е проектот за изградба на последната делница од автопатот кон Блаце, чија изведба не е започната. Воедно, барам скица - визуелен приказ од оваа автопатска траса кон Блаце, која, како што беше соопштено во јавноста, била прецртана низ планински дел, при што од вкупно 13 илометри тунели се 6 километри, Исто така, барам податоци низ кои катастарски парцели минува оваа траса (број на парцела и катастарска општина....).

**Одговор:** Во моментов Проектот за изградба на автопатската делница Скопје-Блаце 10 км е во завршна фаза и се очекува завршната ревизија од Градежниот факултет да биде доставена до инвеститорот (ЈПДП).

**Барање 4:** Последна верзија на систематизација на ЈПДП

**Одговор:** Актите се јавно достапни на официјалната веб страна на Јавното претпријатие за државни патишта www.roads.org.mk во делот РЕГУЛАТИВА, подмени АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО на следниот линк: https://roads.org.mk/regulativa/akti-na-pretprijatieto/

**Барање 5:** Фаза на реализација за проект: изработка на проектна документација за експресен пат А3 Требеништа- Косел-Ресен (Годишна програма за изградба, реконструкција.... од 28.12.2023 година издадена од ЈПДП: Доколку се обезбедат средства во 2024... страница 24).

**Одговор:** Јавното претпријатие за државни патишта нема обезбедено средства за изработка на проектна документација за експресен пат А3 Требеништа- Косел-Ресен.

**Барање 6:** Фаза на реализација за проект: изградба на државен пат А3 обиколница на Ресен (Годишна програма за изградба, реконструкција.... од 28.12.2023 година издадена од ЈПДП; Доколку се обезбедат средства во 2024 се планира да се отпочнат и следнива проекти - страница 18).

**Одговор:** Проектот за изградба на државен пат А3 обиколница на Ресен е во завршна фаза на изработка на проектната документација и се очекува одобрување на инфраструктурниот проект од страна на Министерството за транспорт.

**Барање 7:** Проектна документација за проект: државен пат А3 обиколница на Ресен (Годишна програма за изградба, реконструкција ....од 28.12.2023 година издадена од ЈПДП; Доколку се обезбедат средства во 2024 се планира да се отпочнат и следниве проекти - страница 18/ исплата на средства за изработка на проекти – изработка на проектна документација Обиколница на Ресен – страница 19).

**Одговор:** Јавното претпријатие за државни патишта има обезбедено средства и е во подготовка изработка на проектна документација за обиколница на Ресен.

**Барање 8:** Фаза на за проект: експресен пат делница Битола – Мецитлија со обиколница на Битола (Годишна програма за изградба, реконструкција.... од 28.12.2023 година издадена од ЈПДП: Доколку се обезбедат средства во 2024 се планира да се отпочнат и следнива проекти - страница 18).

**Одговор**: Јавното претпријатие за државни патишта е во фаза на изнаоѓање на средства за реализирање на проектот, одосно за изградба на експресен пат делница Битола – Мецитлија со обиколница на Битола.

**Барање 9:** Проектна за проект: експресен пат делница Битола – Мецитлија со обиколница на Битола (Годишна програма за изградба, реконструкција.... од 28.12.2023 година издадена од ЈПДП: Доколку се обезбедат средства во 2024 се планира да се отпочнат и следнива проекти - страница 18).

**Одговор**: Јавното претпријатие за државни патишта ја има изготвено Проектната документација за изградба на експресен пат делница Битола-Мецитлија со обиколница на Битола. Исто така, има и одобрение за инфраструктурниот проект од страна на Министерството за трасппорт.

**Барање 10:** Фаза на реализација за проект: Изградба на мост на Р2331, делница Битола – Ниже Поле (Годишна програма за изградба, реконструкција.... од 28.12.2023 година издадена од ЈПДП: Проекти кои ќе отпочнат со реализација во 2024 година -страница 17).

**Одговор**: Јавното претпријатие за државни патишта во моментов води постапка за одобрување на Урбанистичкиот проект од страна на Министерство за транспорт.

**Барање 11:** Проектна документација за проект: Изградба на мост на Р2331, делница Битола – Ниже Поле (Годишна програма за изградба, реконструкција.... од 28.12.2023 година издадена од ЈПДП: Проекти кои ќе отпочнат со реализација во 2024 година -страница 17).

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

**Одговор**: Јавното претпријатие за државни патишта ја има изготвено Проектната документација за изградба на мост на Р2331, делница Битола – Ниже Поле, но постапката за одобрување на урбанистичкиот план е во процедура за одобрување од Министерството за транспорт.

**Барање 12:** Фаза на реализација за проект: Патен правец А1 Прилеп – Градско, делница од спој со пат за с. Беловодица до мост до каменолом Маврово (Годишна програма за изградба, реконструкција.... од 28.12.2023 година издадена од ЈПДП: Проекти кои ќе отпочнат со реализација во 2024 година - страница 16).

**Одговор**: Јавното претпријатие за државни патишта нема отпочнато со градба на патниот правец А1, делница: од спој со пат за с. Беловодица до мост до каменолом Маврово од км. 0+000 до км. 4+475 од причини што е потребно да се препроектира Проектната документација на ниво на Основен проект затоа што од периорот на проектирање до денес поминат е период од 10 години и фактичката состојба која е земена при проектирање и сегашната фактичка состојба на трасата е променета.

**Барање 13:** Проектна документација за проект: Патен правец А1 Прилеп – Градско, делница од спој со пат за с. Беловодица до мост до каменолом Маврово (Годишна програма за изградба, реконструкција.... од 28.12.2023 година издадена од ЈПДП: страница 16).

**Одговор**: Јавното претпријатие за државни патишта во периодот од 2012/2013/2014 година има изработено Проектна документација за реконструкција (односно рехабилитација на постоечката делница со проширување на профилот). Но, со оглед на тоа што периодот на експлоатација на делниците кои се рехабилитираат е 10 години, очигледно е дека од периорот на проектирање до денес поминат е период од 10 години и фактичката состојба која е земена при проектирање и сегашната фактичка состојба на трасата е променета. Оттука потребно е Проектната документација на ниво на Основен проект да се препроектира.

**Барање 14:** Согласно со член 23 од Законот за ЈП, едно лице за да биде назначено за директор или заменик, треба да поседува сертификат за англиски, да ми доставите копија од сертификат за англиски на директорот и заменикот на ЈПДП.

**Одговор**: Согласно со член 6, став 1, точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бараната информација е личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

**Барање 15:** Број на жени министерки, заменик министерки, државни ссекретарки, Директорки на Агенции, Инспекторати, Директорати, пртеседателки на Комисии како и директорки на ЗП во периодот од 2014 година до 2024 година. Молам податоците да бидат пополнети во табелата која е во прилог на ова барање. Податоците се потребни за да се направи првата анализа и документ за јавна политика за учество на жените на извршни позиции во периодот од 10 години.).

**Одговор**: Во наведениот период во Јавното претпријатие за државни патишта немало назначено жена на раководна функција, односно директорка на претпријатието.

**Барање 16:** Под чија надлежност е одржувањето на автопат Скопје—Куманово, поточно клучка Петровец?.

**Одговор**: Одржувањето на државните патишта, вклучувајки ги и автопатиштата и клучките е во надлежност на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални (ЈП македонија пат).

**Барање 17:** Под чија надлежност е одржувањето на Магистрален пат АЗ ПДОМОЉЕ ОХРИД - РЕСЕН ª- БИТОЛА - ПРИЛЕП?

**Одговор**: Државните патишта со годишен Договор за одржување и заштита на државните патишта склучен помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта (ЈП Македонијапат), е во надлежност на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта.

**Барање 18:** На чие земјиште е регионалниот пат од прва категорија Р1311? Дали споменатиот пат се наоѓа на парцели кои не се во сопственост на Република Македонија и по кој правен основ се користат парцелите кои не се во сопственост на Република Македонија?

**Одговор**: Регионалниот пат Р1311 ја опфаќа патната делница Битола (врска со Р1101)–Новаци –Маково–Чаниште–Расимбегов Мост (врска со Р1107) и делница Рапеш- Старавина (врска со Р2338). Пред почеток на градба за секој пат се спроведува постапка за експропријација на земјиштето на кое ќе се протега трасата за изградба.

**Барање 19:** Дали изградбата, реконструкцијата и рехабилитацијата на регионалниот пат од прва категорија Р1311 се врши согласно Законот за градење? -Како добивате одобренија од надлежен орган за градење и одобренија за реконструкција на пат? Дали ја приложувате потребната документација која е неопходна за давање одобрение? -Дали вашите стручни служби некогаш извршиле

увид во имотни лист за парцелите преку кои минува регионалниот пат од прва категорија Р1311? -Дали сте контактирале со сопствениците на узурпираните парцели за решавање на имотно правните односи во однос на парцелите што ги узурпиравте? Дали на сопствениците на парцелите што ги узурпиравте им плаќате некаков надомест за користење на нивниот недвижен имот? -Дали сте превземали дејствија за кои сте овластени со закон (поднесување на иницијатива за експропријација на парцели преко кои минува регионален пат од прва категорија 1311)? -Дали заради вашето непостапување граѓаните треба да ги остваруватат своите уставни загарантирани права преку суд и со тоа да предизвикаат непотребни трошоци во вид на ангажирање адвокати, судски преведувачи и вештаци? Дали во таков случај некој ќе одговара за оштетување на буџетот?

**Одговор**: Регионалниот пат Р1311 е изграден во 70-тите години на минатиот век од страна на правен претходник на Јавното претпријатие за државни патишта и истиот се одржува во согласност со приписите од оваа област.
Инаку, изградбата, реконструкцијата и рехабилитацијата на државните патишта е уредена во Законот за јавните патишта и Законот за градење. Исто така, одобренија за градење и одобренија за реконструкција на државен пат се добиваат во согласност со одредбите од Законот за градење.

**Барање 20:** Копија/препис од договорот за заем со кинеската банка ЕКСИМ за изградба на автопатите Штип Миладиновци и Кичево Охрид, вклучително и сите анекси.

**Одговор**: Проектот за изградба на автопатите Штип Миладиновци и Кичево Охрид, е со заем од Експорт импорт банката на Кина целокупната постапка е извршена во согласност со процедурите што ги налага бакната, а кои потоа се одобрени од нив и од Владата на РСМ.

**Барање 21:** 1. Име и презиме на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте ги користеле во текот на 2023 година. 2. За секој поединечен адвокат/адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата за секоја исплата во текот на 2023 година. 3. Како е избран секој од адвокатите/адвокатско друштво чии услуги сте ги користеле?

**Одговор**: Во 2023 година Јавното претпријатие за државни патишта има користено услуги од следните адвокати:

- Адвокатско друштво ЧАКМАКОВА АДВОКАТИ-3.125.047 денари
- Адвокат Фисник Јакупи – 112.190 денари
- Адвокатска фирма “White & Case” – 5.659.572 денари

- Адвокат Христина Стојановиќ– 33.134 денари
- Адвокат Габриела Ѓорѓевска- нема плаќања 2023

Погоренаведените адвокати/адвокатски друштва ангажирани се со склучување на меѓусебен договор помеѓу истите и Јавното претпријатие за државни патишта.

**Барање 22:** Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2024 година. Како и тековната петгодишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патитша.

**Одговор**: Годишната програма на Јавното претпријатие за државни патишта за 2024 година е јавно достапен документ објавен на веб страницата на ЈПДП во менито РЕГУЛАТИВА/Годишни програми на следниов линк: https://roads.org.mk/regulativa/godishna-programa/ . Исто така, јавно достапни се и петгодишните програми во менито РЕГУЛАТИВА на линкот https://roads.org.mk/regulativa/petgodishna-programa/ , но последната ваква програма е заклучно со 2017 година.